
ОПШТИНА
ДОЛНЕНИ
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

ВИСТИНСКИОТ

# ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА ДОЛНЕНИ



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,

Христијан Мицкоски



Почитувани граѓани, наши поддржувачи, пријатели, браќа и сестри,

Со оваа Програма ја барам вашата доверба на 19-ти октомври да заедно, ја прославиме најголемата победа за Општина Долнени.

Нашата Општина е Македонија во маало – во неа живеат: Македонци, Албанци, Турци, Бошњаци, во соживот, разбирање и меѓусебна толеранција. Ние сме многу горди на таа наша реалност и ќе работиме уште повеќе за да ја развиваме и унапредуваме меѓуетничката соработка. Тоа не претставува недостиг, туку напротив, тоа е предност на една општина како што е Долнени. Ние таа предност ќе ја искористиме, многупати сме покажале во минатото дека можеме да живееме едни со други, а не едни покрај други.

Сме знаеле и порано, а ќе можеме и во иднина да работиме сите заедно, без разлика на верска и национална определба, за да ја градиме и развиваме нашата Општина.

Како ваш сограѓанин, кој го дели секојдневието со вас, одлично ги познавам проблемите кои не тиштат од лошите и дотраени патишта, проблемите со водоснабдувањето кои се провлекуваат со децении, до недостаток на системска поддршка за нашите верни земјоделци и недостигот на можности за младите.

Токму затоа оваа Програма нуди конкретни реални финансиски одржливи проекти. Проекти за секое населено место, за секој човек, за секое семејство.

Со силна поддршка од Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и со вашата драгоцена доверба, гарантирам дека ќе работиме неуморно за да ја направиме Општина Долнени место за горд и достоинствен живот. Заедно сме силата која ќе ги донесе неопходните промени, заедно ќе создадеме нова светла иднина за Општина Долнени.

Со почит,<br>
Сашко Велјаноски,<br>
Вашиот градоначалник за<br>
Општина Долнени

# СОВЕТНИЧКА ЛИСТА

1. Андреј Сугарески – Носител на советничка листа
2. Жана Видеска
3. Ладо Глигороски
4. Кире Цветаноски
5. Игор Сугарески
6. Михаела Соколоска
7. Боше Милошески
8. Томислав Кузманоски
9. Николина Стефкоска
10. Александра Велкоска
11. Муса Ибраимоски
12. Ангела Мирческа
13. Зоран Василески
14. Ивона Маркоска
15. Христијан Павлоски



# I. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА

Нашата визија е јасна: Општина Долнени како модерна, развиена и посакувана општина за живот. Овие клучни проекти се столбот на нашите заложби и гаранција за промените што доаѓаат.

- **1. Асфалтирање на локален пат од село Дупјачани до село Дреновци во должина од 3 км.**
- **2. Асфалтирање на локален пат место викано Рибник село Долнени во должина од 2,5 км.**
- **3. Асфалтирање на локален пат село Бело Поле село Вранче село Средорек во должина од 6 км.**
- **4. Асфалтирање на локален пат од село Новоселани до село Заполжани во должина од 4 км.**
- **5. Асфалтирање на локален пат од село Ропотово до село Рилево во должина од 5 км.**
- **6. Како поддршка за земјоделството и сточарството – отворање на подрачна канцеларија на МЗШВ во Општина Долнени.**
- **7. Отворање на противпожарна служба за потребите на Општината.**
- **8. Реконструкција на општинската зграда и враќање на администрацијата во село Долнени.**

# II. МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Инфраструктурата е основата на секој развој. Долнени чекори кон иднината преку подобрени патишта, уредени улици, стабилни водоводи и современи канализациони системи. Модерната инфраструктура е гаранција за подобра поврзаност на селата со центарот, за побезбедно секојдневие и за нови економски можности што произлегуваат од квалитетна патна и комунална мрежа.

## А) ПАТНА ИНФРАСТУКТУРА - АСФАЛТИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА

### 1. Проширување и реконструкција на регионалниот пат село Ропотово село Црнилиште во должина од 12 км.

### 2. РОПОТОВО

- Асфалтирање на 3 улици и
- Изградба на пешачка и велосипедска патека на централната улица која води до училиштето.

### 3. ПЕШТАЛЕВО

- Асфалтирање на две улици.

### 4. СЕКИРЦИ

- Асфалтирање на две улици.

### 5. ДОЛНЕНИ

- Асфалтирање на 3 улици.

### 6. СЕНОКОС

- Асфалтирање на две улици.

### 7. ЗАПОЛЖАНИ

- Асфалтирање на две улици.

### 8. НОВОСЕЛАНИ

- Асфалтирање на една улица.

### 9. БЕЛО ПОЛЕ

- Асфалтирање на една улица.

### 10. БРАИЛОВО

- Асфалтирање на две улици.

### 11. КОСТИНЦИ

- Тампонирање и по можност асфалтирање на локалниот пат од село Костинци до село Сливје и
- Асфалтирање на една улица.

### 12. ДЕСОВО – ДУПЈАЧАНИ

- Асфалтирање на локален пат од село Десово до село Дупјачани и
- Асфалтирање на патот Десово – Беглик.

### 13. ЦРНИЛИШТЕ

- Асфалтирање на една улица.

### 14. НЕБРЕГОВО

- Асфалтирање на една улица.

## Б) КОМУНАЛНА И ЈАВНА ИНФРАСТУКТУРА

- Реконструкција на сите канали за одводнување: Ќе ги реконструираме и постоечките канали за одводнување, како и трајно решавање на водоснабдувањето во населените места: Сливје, Црнилиште, Браилово, Десово, Дреновци и Дупјачани.

## В) ИЗГРАДБА И ДОВРШУВАЊЕ НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

- Доизградба на веќе започнатата канализација во село Ропотово и село Десово
- Изградба на нова канализација во село Пешталево.

# III. ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

Општина Долнени е рурална, но раздвижена Општина. Важноста на локалниот економски развој е од суштинско значење за напредок на нашата Општина, со што би се обезбедиле поддршка на локалниот бизнис-сектор, стабилни услови за економска активност и привлекување нови инвестиции. Ваквите заложби треба да обезбедат креирање на нови работни места и подигање на нивото на животен стандард на населението во Општината.

Посебен акцент ќе ставиме на формирање на индустриска зона со целосна инфраструктура, како основа за привлекување домашни и странски инвеститори. Со ваква инвестиција ќе се создаде современ простор за отворање фабрики и компании, што значи нови можности за младите и дополнителен приход за Општината. Индустриската зона ќе биде мотор на економскиот раст, ќе овозможи долгорочна стабилност и ќе ја зајакне конкурентноста на локалната економија.

Ќе бидеме посветени на обезбедување на секојдневен дијалог со бизнис- заедницата, како и наоѓање нови можности и олеснувања. Само преку континуирана соработка и отворено и одговорно управување со локалната власт, можеме да создадеме економија која одговара на потребите на граѓаните. Ова е патот кон просперитетна Општина Долнени – со стабилни инвестиции, силна локална економија и подобрен стандард за сите.



# IV. ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

Образованието е темелот врз кој ја градиме иднината. Младите од Долнени заслужуваат модерни училишта, спортски сали и услови што ќе им овозможат знаење и креативен развој. Инвестициите во образованието значат посветеност на наставниците, дигитална опрема за современа настава и програми за поддршка на талентираните ученици. Со вложување во младите, вложуваме во својот најголем капитал – иднината на заедницата. За нашата иднина, предвидуваме низа активности:

- **1. Изградба на детска градинка во с. Ропотово; и**
- **2. Модернизација и реконструкција на училиштата во с. Сенокос и с. Долнени.**
- **3. Целосно субвенционирање на возачки дозволи.**

- Целосно покривање на трошоците за возачки испит за сите матуранти.

- **4. Училишни униформи за сите ученици**

- Натпреварот е во знаењето, а не во облекувањето.

- **5. Стипендии и награди за најдобрите ученици и студенти.**

- Стипендии за најдобрите студенти, средношколци и ученици во основното образование;
- Награди од 10 000 денари и електронски помагала за сите одлични ученици до 9-то одделение;
- Бесплатни екскурзии и бесплатен организиран превоз за учество на домашни и меѓународни натпревари.



# V. РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

Спортот е симбол на здрав живот и заедништво. Долнени ќе вложува во спортски терени, училишни игралишта и програми што ќе им овозможат на младите да се занимаваат со спорт. Поддршката на локалните клубови и создавањето на нови рекреативни содржини, ќе придонесат граѓаните да живеат поактивно и поздраво.

- **1. Изградба на спортско игралиште во село Долнени;**
- **2. Изградба на спортско игралиште во село Сенокос;**
- **3. Континуирана финансиска помош за сите спортски клубови регистрирани во општина Долнени; и**
- **4. Изградба на детски забавни паркови за рекреација на децата во Ропотово, Долнени, Сенокос, Секирци, Пешталево, Десово и Лажани.**

# VI. ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

Општина Долнени мора да се развива во насока на здрава и чиста животна средина. Грижата за воздухот што го дишеме, за природата околу нас и за секојдневната чистота на нашите населени места е од суштинско значење за квалитетот на живот на нашите сограѓани. Само преку системско чистење на дивите депонии, одржување на речните корита и уредување на јавните простори, ќе изградиме општина што им обезбедува на своите граѓани безбеден, уреден и достоинствен амбиент за живот.

Здрава животна средина значи подобро здравје, поголема привлечност за инвеститори и туризам, но пред сè – подобар животен стандард за секое семејство во Долнени. Во таа насока, клучни приоритети ни се:

- **1. Чистење на дивите депонии и речните корита; и**
- **2. Оградување на општинската депонија.**

# VII. ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

Општина Долнени има уникатни природни убавини и културно наследство што претставуваат неискористен потенцијал. Поддршката на локалниот туризам и неговата промоција значи отворање нови можности за економски раст, нови работни места и доближување на нашите места како туристичка дестинација за нашите сограѓани. Како клучна активност ја предвидуваме:

- **1. Изградба на рекреативно и излетничко место до Манастирот „Свети Преображдение“, с. Зрзе.**

# VIII. ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ

Културата е огледало на една заедница, а ние имаме дејци со кои треба се гордееме. Долнени ќе вложува во организација и поддршка на културни манифестации, со што ќе се зачува традицијата, но и ќе се поттикне креативноста на младите таленти. Ќе продолжиме со поддршка, но и дополнително поттикнување на локалната култура преку:

- **1. Финансиска поддршка на Меѓународниот фестивал на народни инструменти и песни – „Пецо Атанасоски“ во с. Долнени; и**
- **2. Финансиска поддршка на Спомен-куќата на Блаже Конески во с. Небрегово и поддршка на манифестациите поврзани со него.**



# IX. ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Грижата за граѓаните е темел на една општина. Затоа Долнени ќе изгради функционален систем што ќе овозможи социјална сигурност и здравствена заштита за сите, особено за ранливите категории. Преку поддршка на старите лица, семејствата во социјален ризик и подобрување на здравствените услуги, ќе создадеме Општина што нуди еднакви шанси и безбедност за секој човек. Нашите приоритети во оваа насока се:

- **1. Отворање на амбуланта која ќе работи 24/7 дежурство за потребите на жителите од целата Општина; и**
- **2. Отворање на подрачна канцеларија на Министерството за труд и социјална политика.**



# X. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

Современата општина мора да биде и дигитална општина. Долнени ќе воведе електронски услуги со кои граѓаните ќе можат побрзо и полесно да ги завршуваат своите обврски, без редици и без хартија. Дигитализацијата значи транспарентност, ефикасност и постојана достапност на Општината за секој жител. Со дигитални решенија ја градиме Општината на иднината – блиска, модерна и отворена кон своите граѓани.

Ќе обезбедиме достапен бесплатен WiFi-интернет во центарот на с. Ропотово и с. Дебреште. Оваа мерка ќе им овозможи на граѓаните полесен пристап до информации и дигитални услуги, а на младите ќе им создаде услови за учење, дружење и развој.

ВМРО-ДПМНЕ